**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-576/5**

**Скопје, 07.08.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ВИНИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Блатец за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за Буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Блатец за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Бранко Јанкулов - градоначалник на општина Блатец од 01.01.2005 до 27.03.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 17.05 до 18.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на

годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.1.1. Исплатени се 14 илјади денари на име функционерски надомест за градоначалникот на општина Блатец, спротивно на одредбите од Законот за плати и надоместоци на пратениците во Собраните на Република Македонија и другите бирани и именувани лица во Република Македонија, за кои не постои законски основ. Поради тоа извршено е преценување на ставката Плати, наемнини и надоместоци во износ од 14 илјади денари поради што е потценета ставката Вишок на приходи над расходи за истиот износ.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што општина Блатец се укинува и станува населено место на општина Виница.

11. Вкупниот ефект од наодите во точките 10.1. е преценување на расходите и потценување на Вишокот на приходи над расходи за износ од 14 илјади денари во Билансот на приходи и расходи.

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Органот на Општина Блатец на ден 31 Март 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Органот на Општина Блатец остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 07.08.2006 година** **Овластен државен ревизор**

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

## ОРГАН НА ЕЛС БЛАТЕЦ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 414 | 2,081 |
| **Вкупно приходи** | | **414** | **2,081** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 204 | 886 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 199 | 970 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **404** | **1,856** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 10 | 225 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **10** | **225** |
| **Вкупно расходи** | | **414** | **2,081** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |

## ОРГАН НА ЕЛС БЛАТЕЦ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 301 | 266 |
| **Вкупно тековни средства** | | **301** | **266** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 95 | 112 |
| **Вкупно постојани средства** | | **95** | **112** |
| **Вкупна актива** | | **396** | **378** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 301 | 231 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 0 | 35 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **301** | **266** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 95 | 112 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **95** | **112** |
| **Вкупна пасива** | | **396** | **378** |

## ОРГАН НА ЕЛС БЛАТЕЦ

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **216** | **-** | **216** |
| **Зголемување по основ на:** | **(22)** | **-** | **(22)** |
| Набавки | - | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Пренос од средства во подготовка | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| Расходување | (22) | | **(22)** |
| **Намалување по основ на:** | **99** | **-** | **99** |
| Отпис на капитални средства | (5) | | **(5)** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | 104 | | **104** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **95** | **-** | **95** |